Бр. 02-560/11
29.4.2021 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 10. седница одржана на 29.4.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Јована Стефановска,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, во наставно-научната област:

– *паразитни болести (40716).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател**

**Проф. д-р Анета Баракоска**

ДН:

- Факултет за ветеринарна медицина - Скопје
- проф. д-р Јована Стефановска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Изработил: м-р Елизабета Додевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1234

Скопје, 15 март 2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектура:**
***МОМЕНТ МАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ***

**Техничко уредување:**
***Зоран Кордоски***

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1234 ОД 15.3.2021 ГОДИНА

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Кристијан Тоцев, Томислав Лазаревски, Џемаледин Нухија, Сашо Цветановски, Катја Посохин, Бранкица Боцева, Елена Зафировска, Симона Крстевска, Марија Каранфиловиќ**)........................................7-8

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Математички лексикон** од авторите **Наум Целакоски, Весна Целакоска-Јорданова и Емилија Целакоска**........................................9-13
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Истражување на можности за подобрување на енергетската ефикасност и намалување на емисиите на енергетски парогенератор на јаглен** од **м-р Маригона Красниќи**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........................................14-19
3. **Приговор** на Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент, во научната област 21403 – производно машинство, технологии и системи при Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1232 од 15.2.2021 година, поднесен **од м-р Таско Смилески**........................................20-29
4. **Одговор** на двајца членови на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент, во научната област 21403 – производно машинство, технологии и системи при Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје со издвоено мислење на член на Рецензентската комисија, објавен во Билтен бр. 1232 од 15.2.2021 година........................................30-41
5. **Одговор** на еден член на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент, во научната област 21403 – производно машинство, технологии и системи при Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје со издвоено мислење на член на Рецензентската комисија, објавен во Билтен бр. 1232 од 15.2.2021 година........................................42-43

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на две лица во сите научни звања по предметите од научната област медицина на трудот на Медицинскиот факултет во Скопје (**науч. сор. д-р Драган Мијакоски, науч. сор. д-р Сашо Столески**)........................................44-93
2. Рецензија на ракописот **Практикум по хигиена и здравствена екологија** од авторите **проф. д-р Михаил Кочубовски, проф. д-р Гордана Ристовска, проф. д-р Игор Спироски и ас. д-р Александра Петрова**........................................94-99
3. Рецензија на ракописот **Педијатриска дијабетологија** од авторот: **Зоран Спаско Гучев** со соработниците, Катедра за педијатрија, при Медицински факултет – Скопје........................................100-102
4. Рецензија на ракописот **Основи на лабораториската трансфузиона медицина** од авторите: **проф. д-р Татјана Макаровска Бојаџиева, н. сор. д-р Емилија Велкова, ас. д-р Виолета Дејанова Илијевска** и **ас. д-р Елена Петковиќ**........................................103-106

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Рецензија на ракописот **Историја на писменоста во Македонија** од авторката **проф. д-р Виолета Мартиновска**........................................107-113

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Георгина Тренеска, Цветанка Костова, Магдалена Симоновска, Љупчо Бутевски, Стефани Младеновска, Емилија Апостолска, Теодора Јовановиќ, Марко Андевски, Тања Петрушевска, Горјан Грнчаровски, Јулија Луческа, Семра Амет, Андријана Спиревска, Емилија Пешиќ, Михаела Мострова, Габриела Грозданова, Ивана Арсовска Трајановиќ, Христина Михајлоска, Александра Дикова, Снежана Лупевска Созен, Михаела Димовска, Лозана Спасовска, Сања Митровска, Елеонора Мишевска, Елионора Тодоровска, Миле Петрески, Верица Митреска, Шпензије Османи, Томи Печков, Никола Германов, Нина Левиќ, Тања Крстеска, Никола Крстевски, Теодора Андоновска, Маја Дејановска, Сема Еминова, Ана Стерјовска, Дајана Веселиновска, Игор Петков, Габриела Колевска, Лазар Тасев, Јулија Наумовска, Елена Јовановска, Дарко Фармакоски, Лејла Робели, Мила Петрова, Дејан Столевски, Мартин Толев, Нецбедин Ибраими, Софија Христовска**)..........114-121

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Метрички простори** од авторите **д-р Марија Оровчанец** и **д-р Петар Соколоски** од Природно-математичкиот факултет – Скопје..........122-130
2. Рецензија на ракописот **Хидрологија** од авторот **Иван Радевски**..........131-136
3. Рецензија на учебното помагало **Збирка решени задачи по комплексна анализа (прв дел), прво издание,** од авторите **Весна Манова Ераковиќ** и **Абдула Букла** од Природно-математичкиот факултет – Скопје..........137-145
4. Рецензија на учебното помагало **Збирка решени задачи по математика (за студентите на биологија), прво издание,** од авторите **Весна Манова Ераковиќ** и **Абдула Букла** од Природно-математичкиот факултет – Скопје..........146-153
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Адитивни полугрупи од ненегативни цели броеви. Димензија и Фробениусов број на нумерички полугрупи** од **м-р Виолета Анѓелкоска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..........154-161

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на научни работници во сите научни звања од научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Анета Мијоска, н. сор. д-р Наташа Ставрева**)..........162-212

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област паразитни болести на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**вонр. проф. д-р Јована Стефановска**)..........213-229

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Дарио Секуловски**)..........230

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Производни и технолошки карактеристики на некои клонови од трпезните сорти винова лоза Мускат Италија, Кардинал и Афус али** од **м-р Сами Криезиу**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје..........231-240

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Транзициска правда**, прво издание, од авторката **Билјана Ванковска** од Филозофскиот факултет во Скопје..........241-251

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ксенија Митева, Сања Мишевска, Катерина Николовска, Ментор Сулејмани, Хафије Асани**)........................................................................................................................252

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Никола Бошковски, Ивона Стојковска, Наташа Колеќеска, Елеонора Тодоровска, Ева Ацевски**)....................................................................................................................253-254

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на лица во соработнички звања (асистенти истражувачи) во наставно-научната област житни култури (пченица, пченка, ориз и друго) шифра 40300 на Земјоделскиот институт во Скопје (**м-р Бранкица Спасева, м-р Петар Петров, м-р Иво Митрушев, м-р Марија Ѓошева-Ковачевиќ, м-р Марија Здравковска**).....255-269

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАРАЗИТНИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина, објавен во весникот ,,Слободен печат” од 11.12.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: паразитни болести, а врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-1632/4, донесена на 29.12.2020 година, формирана е рецензентска комисија во состав: д-р Игор Улчар, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Татјана Живичњак, редовен професор на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска и д-р Јасмин Омерагиќ, редовен професор на „Универзитетот во Сараево-Ветеринарен факултет”, Босна и Херцеговина.
Како членови на рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: паразитни болести, во предвидениот рок се пријави д-р Јована Стефановска, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**17. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Јована Стефановска е родена на 31.5.1966 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназија „Никола Карев” во Скопје, во 1984 година. Со високо образование се стекнала на Ветеринарниот факултет во Загреб, Универзитет во Загреб, Р. Хрватска. Дипломирала во 1991 година, со просечен успех (4,63) 9,5.
Кандидатката активно се служи со англискиот и хрватскиот јазик.
Во учебната 1993/94 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Ветеринарниот факултет во Белград, при Универзитетот во Белград, Р. Србија. Студиите ги завршила на 5.9.1997 година, со просечен успех 9. На 14.5.1998 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Хелминтози на дигестивниот тракт кај коњите на подрачјето на Република Македонија“.
Докторска дисертација пријавила на 2.7.2008 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дисертацијата на тема: „Серопреваленца и молекуларна дијагностика на висцералната лајшманиоза кај кучињата во Република Македонија“ ја одбранила на 17.3.2011 година, пред комисија во состав: д-р Никола Геру, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија, д-р Дине Митров, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Стојмир Стојановски, редовен професор на Хидробиолошкиот завод во Охрид, д-р Дино Чрчев, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија и д-р Славчо Мреношки, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од областа на ветеринарната медицина.
На 23.6.2011 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во научната област паразитни болести.
Во моментот е вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1122 од 26.4.2016 година.
Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во билтените бр. 689 од 3.9.1997 година, бр. 719 од 16.10.1998 година, бр. 890 од 1.2.2006 година, бр. 1009 од 1.6.2011 година и бр. 1122 од 26.4.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**18. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, кандидатката д-р Јована Стефановска изведува теоретска и практична настава на предметите Паразитологија и паразитни заболувања, Паразитологија во јавно здравје, Тропски паразитни заболувања и Ветеринарна ентомологија на интегрираниот прв и втор циклус студии на студиската програма ветеринарна медицина. На третиот циклус на студии на истиот Факултет кандидатката учествува во изведување на наставата по предметите Лабораториска дијагностика во ветеринарна паразитологија Паразитни заболувања кај диви животни, Паразитни зоонози, Имунопаразитологија, Ектопаразити од ветеринарно и медицинско значење, Ентомологија на вектори, Контрола на популација на артроподни вектори и Надзор и заловување на артроподни вектори.

Кандидатката била ментор на 5 дипломски труда и член на комисија за оценка и одбрана на два докторски труда.

Кандидатката е автор на рецензирано учебно помагало со наслов Практикум за вежби по паразитологија и паразитни заболувања.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Јована Стефановска има објавено вкупно 62 научни трудови од областа на паразитните болести од кои 9 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 11 трудови во меѓународни научни списанија и 42 трудови во зборници од научни собири.

Д-р Јована Стефановска била раководител на еден национален проект, била национален координатор на 3 меѓународни научни проекти, и учествувала како член во 14 научни проекти.

**19. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Јована Стефановска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Како раководител на Ветеринарниот институт кој претставува организациона единица при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје ги организира наставните, научноистражувачките и применувачките активности на институтот. Како раководител на лабораторијата за паразитологија и паразитни заболувања во склоп на Ветеринарниот институт одговорна е за развој, воведување нови дијагностички методи и одржување на постоечките во склоп на системот на квалитет во согласност со стандардот ИСО/ИЕЦ 17025.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за ветеринарна медицина: Комисија за Совет за докторски студии, Комисија за јавни набавки и Организационен одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарна медицина’“, 2011-2018 година, Комисија за систематизација, Стратегија за развој на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, комисија за изготвување на Правилник за систематизација на работни места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Комисија за изготвување на функционална анализа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како и комисии поврзани со промоција на Факултетот. Член е на Уредувачкиот одбор на списанието „Македонски ветеринарен преглед”.

Кандидатката е член и на работните групи за изработка на национална програма за сузбивање и искоренување на бруцелозата и Програма за мониторинг на вектор-преносливи болести.

Кандидатката учествувала и во уредувачкиот одбор за издавање на монографијата „90 години ветеринарна наука и едукација”.

Била член на две рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање и на една рецензентска комисија за избор на лице во научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Јована Стефановска добила позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на ННС со бр. 0202-398/2 од 10.3.2017, Одлука на ННС со бр. 0202-1709/4 од 27.9.2017, Одлука на ННС со бр. 0202-804/2 од 28.5.2018, Одлука на ННС со бр. 0201-414/3 од 14.3.2019, извештај од спроведена анкета бр. 03-108/2 од 7.2.2020).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Јована Стефановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, комисијата заклучи дека д-р Јована Стефановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област паразитни болести.

Според гореизнесеното, комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Јована Стефановска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област паразитни болести.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Игор Улчар**

**Проф. д-р Татјана Живичњак**

**Проф. д-р Јасмин Омерагиќ**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јована Никола Стефановска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: Паразитни болести**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,5<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: Паразитни болести, поле Ветеринарна медицина, подрачје Биотехнички науки | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација во согласност со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА |
| 3.1.1. | 1. Назив на научното списание: *Parasites & Vectors*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Sand flies (Diptera: Psychodidae) in eight Balkan countries: historical reviewand region- wide entomological survey<br>4. Година на објава: 2020 год. | |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: *Parasites & Vectors*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: The tree that hides the forest: cryptic diversity and phylogenetic relationships in the Palaearctic vector | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Obsoletus/Scoticus Complex (Diptera: Ceratopogonidae) at the European level.<br>4. Година на објава: 2020 год. | |
| 3.1.3 | 1. Назив на научното списание: *Parasites & Vectors*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Epidemiology of taeniosis/cysticercosis in Europe, a systematic review: eastern Europe.<br>4. Година на објава: 2018 год. | |
| 3.1.4 | 1. Назив на научното списание: *Parasites & Vectors*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, SCImago Journal Rank<br>3.Наслов на трудот: Direct evidence for an expanded circulation area of the recently identified Balkan virus (Sandfly fever Naples virus species) in several countries of the Balkan archipelago.<br>4. Година на објава: 2017 год. | |
| 3.1.5. | 1. Назив на научното списание: Eurosurveillance<br>2.Назив на електронската база на списанија: Scopus, Embase, *Ebsco* и Science Central databases.<br>3.Наслов на трудот: Prioritisation of food-borne parasites in Europe, 2016<br>4. Година на објава: 2018 год. | |
| 3.1.6 | 1. Назив на научното списание: Macedonian Veterinary Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus<br>3. Наслов на трудот: First case of *Strongyloides stercoralis* infection in a dog in the Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2018 год. | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Практикум за вежби по паразитологија и паразитни заболувања<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 год. | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1122 од 29.04.2016 година | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засновн работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/-ите кој/-и има/-ат повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Јована Никола Стефановска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: Паразитни болести**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус на студии** | |
| 1. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2015/2016 год. | 0,48 |
| 2. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+2), зимски семестар 2016/2017 год. | 1,2 |
| 3. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2016/2017 год. | 1,2 |
| 4. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+2), зимски семестар 2017/2018 год. | 1,2 |
| 5. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2017/2018 год. | 1,2 |
| 6. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), зимски семестар 2018/2019 год. | 1,2 |
| 7. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2018/2019 год. | 1,2 |
| 8. | Паразитологија и паразитни заболувања а (2+3), зимски семестар 2019/2020 год. | 1,2 |
| 9. | Паразитологија и паразитни заболувања а (2+3), летен семестар 2019/2020 год. | 1,2 |
| 10. | Паразитологија и паразитни заболувања а (2+3), зимски семестар 2020/2021 год. | 1,2 |
| 11. | Паразитологија во јавно здравство (1+1), летен 2015/2016 год. | 0,6 |
| 12. | Паразитологија во јавно здравство (1+1), летен 2016/2017 год. | 0,6 |
| 13. | Паразитологија во јавно здравство (1+1), летен 2017/2018 год. | 0,6 |
| 14. | Паразитологија во јавно здравство (1+1), летен 2018/2019 год. | 0,6 |
| 15. | Паразитологија во јавно здравство (1+1), летен 2019/2020 год. | 0,6 |
| 16. | Тропски паразитарни заболувања (1+1), летен 2015/2016 год. | 0,6 |
| 17. | Тропски паразитарни заболувања (1+1), летен 2017/2018 год. | 0,6 |
| 18. | Тропски паразитарни заболувања (1+1), летен 2018/2019 год. | 0,6 |
| 19. | Тропски паразитарни заболувања (1+1), летен 2019/2020 год. | 0,6 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| 1. | Раководител на Работилница за испитување и контрола на Trichinella во месо (ЕУ проект – финансиран од ЕУ, проект МК 2010/ИБ/АГ 01) 18.05.2016 год. | 1,5 |
| | | |
| | **Одржување на вежби** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2015/2016 год. | 0,9 |
| 2. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+2), зимски семестар 2016/2017 год. | 1,8 |
| 3. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2016/2017 год. | 2,7 |
| 4. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+2), зимски семестар 2017/2018 год. | 1,8 |
| 5. | Паразитологија и паразитни заболувања (2+3), летен семестар 2017/2018 год. | 2,7 |
